ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ КОНТРОЛОРИ И ДЕЛЕГАТИ НА МАКЕДОНИЈА
бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15 - 1000 Скопје

# П Р И Р А Ч Н И К

## за начин и метод на оценување

Охрид, 23.08.2025 година

# СОДРЖИНА НА ДОКУМЕНТОТ

**ЦЕЛ НА СЛЕДЕЊЕ НА ПЕРФОРМАНСОТ НА СУДИИТЕ ........................................ 3**
**ОПШТИ НАСОКИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАКОМЕТНИТЕ СУДИИ ................................. 3**
**СЕВКУПНА ОЦЕНКА ............................................................................................ 3**

1. Тип на натпревар ............................................................................................ 3
2. Влијание на судискиот пар врз натпреварот .................................................... 4
3. Оценки .............................................................................................................. 4

Забелешки – Насоки ............................................................................................ 5
Објаснување (од каде да се започне) ................................................................... 5
Ставки за оценување ............................................................................................ 6
Употреба на видео-репетиција (VR) ...................................................................... 8

**Разговор по натпревар ........................................................................................ 9**

Намера и услови .................................................................................................. 10
Препораки за разговори за оценка на перформанс на судискиот пар ................... 10

**На денот на натпреварот .................................................................................... 11**
**Образец за оценување на перформанс на судискиот пар ................................ 12**
**Цел: Фер плеј ........................................................................................................ 13**
**Епилог .................................................................................................................. 14**

# ЦЕЛ НА СЛЕДЕЊЕ НА ПЕРФОРМАНСОТ НА СУДИИТЕ

1. Целта на следењето на перформансот на судиите за време на натпреварите е:
   1.1. Да се обезбедат извештаи за РФМ со објективна проценка на перформансот на судискиот пар.
   1.2. Да се гарантира доследна и унифицирана примена и толкување на Правилата ракометната на игра.
   1.3. Да се даваат усни и писмени оценки за перформансот на судискиот пар.
   1.4. Да се идентификуваат талентирани млади судии.
   1.5. Да се даваат насоки за подобрување на перформансот на судиите (менторство и обука на судии).
2. Целта на извештајот на делегатот - контролор е:
   2.1. Да се постигне унифицираност во системот за оценување на судиите.
   2.2. Да се доделат оценки – во рамки на пропишаната скала – кои реално го прикажуваат перформансот на судискиот пар и сложеноста на нивната задача.
   2.3. Да се користи формуларот на ЕНF кој го користи РФМ и извештајот да се достави во рок од 48 часа по завршувањето на натпреварот на e-mail: zdruzenienakontrolori@yahoo.com
   2.4. Да се наведат конкретни и точни примери во извештајот кои ќе ги поткрепат дадените коментари.

# ОПШТИ НАСОКИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАКОМЕТНИТЕ СУДИИ

Анализа за време на натпреварот:
- Да се идентификуваат проактивни или превентивни клучни моменти/одлуки кои влијаат на текот и динамиката на натпреварот.
- Да се процени реакцијата на судискиот пар при промена на темпото и донесување одлуки во согласност со барањата на натпреварот.
- Да се земат предвид последиците од тешките ситуации/одлуки врз следните одлуки – особено во однос на конзистентноста, карактерот и храброста на судискиот пар.

# СЕВКУПНА ОЦЕНКА

1. **<u>Тип на натпревар</u>** (Лесен – Нормален – Тежок – Многу тежок)

   Оценката не се базира исклучиво на разликата во резултатот или на перформансот на судискиот пар.

   Се темели на целосно следење на сите релевантни околности и способноста на судискиот пар да се справи со нив (контрола и развој на играта, фреквенција на комплицирани ситуации со кои се соочуваат судиите за време на натпреварот, вкупна атмосфера, значење на натпреварот и др.).

   Контролорот треба да ја утврди и внесе во извештајот оценката за нивото на тежина на натпреварот, како и способноста на судискиот пар да се справи со критични ситуации.

   Нивото на тежина го опфаќа бројот на ситуации во кои судискиот пар покажал веродостојна примена на Правилата на ракометната игра, но и тоа дали морале да се справуваат со критични или предизвикувачки ситуации – имајќи ја предвид нивната фреквенција и интензитет.

1.1. **Лесен натпревар:** Лесен натпревар без никакви предизвици за судискиот пар.
1.2. **Нормален натпревар:** Нормален натпревар за судискиот пар; мал број предизвикувачки ситуации.
1.3. **Тежок натпревар:** Тежок натпревар со неколку тешки одлуки за судискиот пар.
1.4. **Многу тежок натпревар:** Многу тежок натпревар со голем број тешки ситуации за судискиот пар.

Нивото на тежина мора да биде интегрирано во конечната оценка!

## 2. Влијание на судискиот пар врз натпреварот

2.1. **Зголемување на потешкотии:** Дел од активностите на судискиот пар биле во погрешна насока, предизвикувајќи проблеми со текот на играта, атмосферата или имајќи влијание врз конечниот резултат.
2.2. **Без влијание:** Коректен перформанс на судискиот пар кој го поставува стандардот за натпреварот и нема директно влијание врз него.
2.3. **Намалување на потешкотиите:** Речиси сите одлуки на судискиот пар биле целосно прифатени, со почит и разбирање од двете екипи (играчи и официјални лица), придонесувајќи кон спортскиот дух и фер-плејот на натпреварот.

## 3. Оценки (од лево кон десно / да се означи со ‘X’)

- **Незадоволителен (--):** Голем број грешки, губење на контрола, влијание врз исходот на натпреварот или зголемување на потешкотиите. Разочарувачки перформанс со јасни судиски грешки. Неприфатлив перформанс.
- **Слаб (-):** Многу грешки (повеќе од пет грешки во оценуваната ставка), без директно влијание врз исходот на натпреварот, но со мала или слаба контрола. Под очекуваното ниво.
- **Просечен (Ø):** Неколку грешки (3–5 во оценуваната ставка), редовна контрола. Добар перформанс, но со простор за подобрување.
- **Добар (+):** Мал број грешки (до две по оценувана ставка), добра контрола. Ова е референтна точка за перформансот која е во согласност со очекувањата на РФМ, еквивалент на добар перформанс. Важи за добар перформанс на нормален натпревар, со порака дека судискиот пар треба да го задржи ова ниво и на следните натпревари. Судиски пар со референтен перформанс и потенцијал за повеќе треба да очекува оценка во овој опсег.
- **Многу добар (++):** Без грешки во оценуваната ставка, со одлична контрола. Одличен перформанс. Важни/значајни одлука донесена правилно.

**Посебно внимание треба да се обрне на ВАЖНИ одлуки, како што се (вклучувајќи, но не ограничувајќи се само на):**

1. Прекршоци / симулации, особено во и околу голманскиот простор.
2. Спречување на очигледна прилика за постигнување гол / негирање на гол-шанса, примена на правилото за предност.
3. Акции на насилство, загрозување на здравјето и телесниот интегритет на противникот.
4. Масовни конфронтации меѓу играчи и протести / групно притискање врз судискиот пар поради донесена одлука.
5. Трето исклучување од 2-минути.

6. Одлуки кои директно го определуваат конечниот исход на натпреварот.
7. Прецизност при проценување на клучни ситуации во голманскиот простор.

**Јасни судиски грешки, вклучувајќи (но не ограничувајќи само на) следниве ситуации:**

1. Пропуст да се утврди и санкционира очигледен прекршок што резултира со трето исклучување од 2-минути.
2. Пропуст да се дисквалификува играч на теренот со црвен картон при очигледен прекршок за кој е пропишана дисквалификација.
3. Очигледен пропуст или погрешна проценка при доделување/ недоделување на седмерец.
4. Сериозна погрешна примена или толкување на Правилата на ракометната игра.

## Забелешки – Насоки

- Во случај на оценка пониска од Добар (+), контролорот мора да даде препораки за подобрување, да им ги пренесе на судиите и да ги запише во извештајот.
- Кога на судискиот пар му се доделува оценка пониска од Слаб (-), до ЗРСМ треба да се испрати e-mail со подетално образложение.
- Во случај на инциденти кои не се решени на правилен начин, контролорот најпрво треба усно да им укаже на судиите за време на разговорот по натпреварот, а потоа да ги евидентира и во образецот за оценка на судиски перформанси (ОСП). Контролорите не смеат да го надоместат пропустот со позитивна оценка само затоа што судискиот пар подоцна, по ваков настан, донел точна и позитивна одлука..
- За да добијат оценка повисока од Добар (+), судиите мора да донесат критични и важни одлуки на правилен начин (ова може да вклучува и превентивни дејства кои позитивно придонеле за контролата на натпреварот).
- Оценка повисока од Добар (+) е можно да се додели дури и кога тежината на натпреварот е „нормална“. Ако натпреварот е „нормален“ благодарение на перформансот на судискиот пар или ако клучни и важни одлуки се донесени точно, тоа треба да се смета како позитивен елемент во нивната оцена.
- При доделување оценка повисока од Добар (+), контролорот мора да ги опише елементите кои го поставиле перформансот над нормалниот референтен опсег.
- Треба да се напомене дека сѐ од и под Просечен (Ø) се класифицира како „Под очекуваното ниво“. РФМ очекува перформанс над ова ниво од судиите на нивните натпревари, поради што Добар (+) се смета за референтна точка.
- Јасна судиска грешка направена од судискиот пар мора да се земе предвид дури и кога одлуката е коригирана по консултација со други официјални лица или со користење на видео – репетиција (VR).

## Објаснување (од каде да се започне)

Следејќи ги горенаведените дефиниции за оценување, потребно е јасно да се одлучи од која оценка ќе се започне за секоја од наведените ставки. На пример, ако не сте сигурни дали да оцените како „Просечен“ или „Добар“, повторно разгледајте ја ставката и придржувајте се до точната дефиниција, обрнувајќи посебно внимание на бројот на направени грешки и на квалитетот на контролата на натпреварот.

## Ставки за оценување

- **Предност:** Одржување на текот на играта во прифатливи граници. Правилна примена на правилото за предност и еднаков пристап кон двете екипи.

  **При креирањето на оценката, се зема во предвид следново:**
  ✓ Дали судиите ја применуваат предноста во согласност со ритамот и атмосферата на натпреварот?
  ✓ Дали судиите ја остаaат играта да тече се додека напаѓачот не ги прекрши Правилата на ракометна игра?
  ✓ Дали судиите имаат чувство за техничко-тактичкиот развој на играта?
  ✓ Дали судиите имаат чувство за казна по дадена предност?
  ✓ Дали судиите дозволуваат предност на сметка на неправилностите на напаѓачот (чекори, прекршок во напад итн.)?
  ✓ Дали судиите ја прекинуваат играта со непотребен свиреж – дали не признаваат правилно постигнат гол, применуваат алиби решенија и се кријат зад погрешната проценка за доделување прекршоци (покажувајќи дополнителна сигнализација како алиби)?
  ✓ Дали судиите дозволуваат предност при јасна ситуација за постигнување на гол?
  ✓ Дали судиите имаат ист критериум за двете екипи?
  ✓ Дали судиите се свесен за ставот на играчите во однос на предноста?

- **Чекори:** Соодветна реакција и корекција при било каков вид на чекори. (Одбранбената игра може да биде речиси невозможна доколку напаѓачот во ситуација еден-на-еден може да направи премногу чекори, што подоцна може да доведе до потежок прекршок од страна на одбранбен играч).

  **При креирањето на оценката, се зема во предвид:**
  ✓ Дали судиите препознаваат што се чекори?
  ✓ Дали судиите го прекинуваат нападот на напаѓачот што направил чекори?
  ✓ Дали судиите му дозволуваат на напаѓачот да направи "дополнителен" чекор како би го ставил одбранбениот играч во неповолна положба?

- **Прекршок во напад:** Оваа категорија ги вклучува прекршоците направени од играчи во напад со или без топка.

  **При креирањето на оценката, се зема во предвид следново:**
  ✓ Дали судиите прават разлика помеѓу концептот подметнување - симулирање на одбранбен играч кој е соборен (движење на одбранбен играч кон напаѓачот; влегување во напаѓачот додека напаѓачот е во скок-шут, сето тоа со цел да се затвори просторот)?
  ✓ Блокирање од страна на кружниот напаѓач (пивотот)?

- **Одлуки за удар од 7-метри:** Оценување врз основа на правилата и правилна примена кога играч се наоѓа во јасна ситуација за постигнување гол. Напомена: Ударот од 7-метри не е казна!

  **При креирање на оценката се зема во предвид следново:**
  ✓ Дали судиите имаат точни критериуми за проценки за досудување на седмерец? **Не секој прекршок на 6 метри е исто така седмерец.**

✓ Дали судиите препознаваат што е одбрана од голмански простор (6 метри)? Обрнете внимание на почетокот на акцијата, туркање во голманскиот простор од страна на напаѓачот.
✓ Дали судиите доделуваат седмерец ако играч влезе во голманскиот простор под прекршок или прими гол?
✓ Дали судиите го разбираат концептот на слободна рака и контрола на телото?
✓ Како судиите ги проценуваат ситуациите во контра и полуконтра?
✓ Дали судиите имаат ист критериум при донесување на одлуки за двете екипи?

- **Пасивна игра:** Правилна употреба на сигналите за пасивна игра и одлуките во согласност со правилата, концептот на играта и конкретната ситуација за одземање на топката.

**<u>При креирање на оценката се зема во предвид следново:</u>**
✓ Дали судиите го разбираат концептот на пасивна игра и дали имаат доследен критериум за примена на правилото за пасивна игра?
✓ Дали судиите им дозволуваат на едната и на другата екипа идентично времетраење на напад?
✓ Дали судиите го менуваат начинот на примена на пасивна игра кон крајот на играта?
✓ Дали судиите даваат точна и навремена информација за колку додавања има екипата која има сигнализација - предупредувачки знак за пасивна игра?

- **Голмански простор (одбрана/напад):** Постојат разлики меѓу прекршоците направени намерно и/или систематски и оние направени ненамерно во ситуации еден-на-еден, како и прекршоци насочени кон топката. Вклучува влегување во голманскиот простор во ситуации еден-на-еден, при слетување по шут, или стапнување/паѓање внатре пред да се испушти топката.

- **Дуел пивот/одбранбен играч:** Интеракција меѓу кружниот напаѓач - пивотот и одбраната – правилно/неправилно блокирање, влечење за дрес, задржување, туркање и слично (најчесто надлежност на судијата на гол-линија).

- **Прогресивни казни:** Јасна и строга линија во согласност со правилата на ракометна игра.

- **Атмосфера:** Соработка со записничката маса (јасна комуникација со официјалните лица на масата, визуелен контакт при секое рестартирање на играта); атмосфера (позитивно или негативно влијание преку одделни одлуки врз создавањето на вкупната атмосфера на натпреварот).

- **<u>При креирање на оценката се зема во предвид следново:</u>**
✓ Колку успешно судискиот пар ја контролираше играта?
✓ Дали постапките на играчите беа правилно препознаени?
✓ Колку добро судискиот пар комуницирал со играчите за време на натпреварот?
✓ Дали нивото на ангажман и профилот на судискиот пар одговараа на конкретниот натпревар?
✓ Дали судискиот пар реагирал соодветно на промените во текот на играта?
✓ Дали судискиот пар покажал разбирање за играта, дозволувајќи ѝ да се развива во согласност со темпото на натпреварот?
✓ Дали судискиот пар бил проактивен во контролата на натпреварот?
✓ Дали темпото на играта, публиката или притисокот од играчите негативно влијаеле врз судискиот пар

- **Општ впечаток – Однесување:** Администрација на натпреварот, „читање“ на играта, јасна линија (задржување на контролата на натпреварот од почеток до крај, конзистентни одлуки и сигнали за споредливи ситуации на двете страни).

  Сигнализација и говор на телото (сигнализација во согласност со Правилата на ракометна игра на IHF), соработка и позиционирање (усогласеност при донесување одлуки, движење по теренот).

  - Позиционирање и движење: Секогаш блиску до акцијата; судискиот пар постојано ја следи играта и не влијае негативно врз нејзиниот тек. Способност за предвидување на развојот на акцијата. Ефикасно позиционирање при прекини / статични ситуации (на пр., слободно фрлање, удар од 7-метри, голманско фрлање, фрлање од аголот).

  Доколку, според мислењето на контролорот, судискиот пар можел/требал да види прекршок/инцидент со подобро позиционирање или движење, што ќе спречело таква грешка, тоа мора да се смета за јасна судиска грешка.

**<u>При креирање на оценката се зема во предвид следново:</u>**

✓ Дали судискиот пар ја наметнал својата авторитетност цврсто, но без претерана формалност?

✓ Дали судискиот пар бил самоуверен и реагирал брзо во размислувањето?

✓ Дали судискиот пар изгледал смирено и без брзање при донесување на клучни одлуки?

✓ Дали судискиот пар дозволувал непотребно преиспитување на одлуките?

✓ Дали судискиот пар ефикасно се справувал со играчи кои се собирале околу нив по донесени одлуки/инциденти?

✓ Дали имало видливи докази за ефикасно управување со играчите?

✓ Дали говорот на телото на судискиот пар бил самоуверен и отворен во текот на целиот натпревар?

✓ Дали правилата на ракометна игра биле применети точно?

✓ Дали сите инциденти биле решени ефикасно и ефективно?

✓ Дали сите соодветни санкции биле применети точно?

✓ Дали судискиот пар секогаш бил на разумно растојание од местото на инцидентите?

✓ Дали судискиот пар бил добро позициониран за донесување клучни одлуки, особено во и околу голманскиот простор?

✓ Дали судискиот пар ги разбирал намерите на играчите во позиционирањето и соодветно се држел надвор од нивниот пат?

✓ Дали судискиот пар покажувал будност и концентрација во текот на целиот натпревар?

✓ Дали судискиот пар функционирал како тим?

## <u>Употреба на видео-репетиција (VR)</u>

Овој елемент е од особено значење на натпревари каде се користи судиска технологија (Video Replay – VR). Вашата евалуација мора да биде во согласност со Упатствата на РФМ за употреба на судиска технологија.

Потребно е да се оценат (и коментираат) ситуации кои требало да бидат прегледани, но не биле, или биле прегледани и погрешно интерпретирани:

✓ Преглед поврзан со постигнати/поништени голови.

✓ Преглед за ситуации што бараат санкционирање.

✓ Преглед поврзан со директни црвени картони.

✓ Преглед поради погрешна идентификација на играч.

✓ Преглед во врска со симулација.

✓ Преглед поврзан со донесување одлуки во последните 30 секунди.

✓ Ситуации каде погрешна одлука е правилно поништена со употреба на VR.

✓ Овие ситуации вклучуваат и задолжителна проверка од страна на судиите, за време на VR, дали е направен прекршок (на пр. чекори, фаул во напад, прекршок во голманскиот простор) од страна на екипата која била во напад во фаза на поседување топка пред одлуката за гол/не гол, седмерец/без седмерец или црвен картон.

✓ Јасна и очигледна судиска грешка без да биде извршен VR преглед.

✓ Брзина на процесот на проверка/преглед и/или комуникација: кога трае подолго од потребното. **Но запомнете: точноста е поважна од брзината!**

## Разговор по натпревар

Доколку е достапна, снимката од натпреварот треба да се искористи за појаснување на сите значајни инциденти што се случиле за време на играта, вклучително и за потенцијални едукациски насоки од кои судискиот пар може да има корист.
Се вклучуваат и општи коментари и совети за перформансот (со примери), како и точки дискутирани со официјалните лица на натпреварот.
Контролорот во оваа фаза има улога и на ментор/тренер за судискиот пар, а неговата/нејзината анализа и совети треба да бидат структуирани така што ќе придонесат за севкупното подобрување на квалитетот на судискиот пар.
**Контролорот треба:**

➢ Да им овозможи на судиите да се изразат и да ги охрабри за самоанализа.

➢ Да постави приоритети (не повеќе од две или три клучни точки).

➢ Прво да ги истакне позитивните аспекти, а потоа областите за подобрување, но секогаш да заврши со позитивен тон.

➢ Да даде конкретни совети (врз основа на реални ситуации од натпреварот) кои се разбирливи и точни.

➢ Да понуди решенија и алтернативи за подобрување – во соработка со судискиот пар.

Како?



Судиите често ја информираат РФМ дека образецот за оценка на судиски перформанси (ОСП) и коментарите по натпреварот не се усогласени. За да се поттикне дијалог и да се обезбеди дека точките за кои се разговара одговараат на содржината на извештајот, контролорот треба да забележи две или три позитивни точки и точки за подобрување, кои потоа мора да им ги пренесе на судиите за време на разговорот по натпреварот. Во ниту еден момент од разговорот не смее да се откриваат оценките што се однесуваат на перформансот на судискиот пар.

## <u>Намера и услови</u>

- Цел на разговорот: Личен развој на судиите како индивидуи и како професионалци.
- Разговорот е алатка која може да се искористи за анализа, планирање и контрола на постапките на судиите за време на натпреварот.
- Судиите треба да имаат можност да ги изразат своите идеи, размислувања, желби и цели.
- Набљудувачот (контролорот) има можност да објасни што се очекува од судискиот пар.

**Главна цел:**

- Мотивацијата е клуч за напредок.
- Треба да се има предвид дека судиите работат под голем притисок и мора да почувствуваат дека контролорот е поддржувачки настроен, како и мотивирачки.

**Негативни искуства од минатото:**

- Монолог на делегатот.
- Фокус само на оценките.




## <u>Препораки за разговори за оценка на перформанс на судискиот пар</u>

- Создадете позитивна и правична атмосфера.
- Бидете запознаени со актуелните акценти во толкувањето на правилата.
- Пронајдете соодветен момент и место за разговор.
- Во првиот дел дискутирајте општо, а потоа објаснете конкретни и прецизни примери.
- Не објаснувајте како професор; вие сте партнер на судискиот пар!
- Дадете практични совети и заклучни забелешки

# На денот на натпреварот




**За време на натпревар**

За време на натпреварот:

- Постојан контакт
- Давање повратна информација за позитивните одлуки

**На полувреме:**

- Никогаш критика
- Посета во соблекувалната или не?
- Само краток совет

# Образец за оценување

**РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

| **ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЕРФОРМАНС НА СУДИИ** (образец за делегат) | **Мажи** ☐<br>**Жени** ☐ | **Супер лига** ☐ | **Прва лига** ☐ | **Млад. лига** ☐ | **КУП** ☐ |
|---|---|---|---|---|---|

| Судии: | Делегат: |
|---|---|

| | **Резултат** | | **Играчи** | | | | **Официјални лица** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Датум: Место: | **КРАЈ** | **ПОЛ.** | 7м. | О | 2' | Д | О | 2' | Д |
| Домаќин: | | | | | | | | | |
| Гостин: | | | | | | | | | |

**ВКУПНА ОЦЕНА**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВИД НА НАТПРЕВАР** | Лесен ☐ | Нормален ☐ | Тежок ☐ | Многу тежок ☐ |
| **ВЛИЈАНИЈЕ ВРЗ НАТПРЕВАР** | Зголем. на влијание ☐ | Без влијание ☐ | Намал. на влијание ☐ | |

| **СЕГМЕНТИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ** | - - | - | Ø | + | + + |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предност** | | | | | |
| **Чекори** | | | | | |
| **Прекршок во напад** | | | | | |
| **Седмерци** | | | | | |
| **Пасивна игра** | | | | | |
| **Голмански простор (одбрана/напад)** | | | | | |
| **Дуел пивот/одбранбен играч** | | | | | |
| **Дисциплинска контрола** | | | | | |
| **Атмосфера - употреба на VR** (атмосфера на натпреварот; соработка со записничка маса; правилна примена на VR) | | | | | |
| **Општ впечаток - однесување** (водење на натпреварот; чувство за игра; говор на телото и сигнализација; соработка/поставеност и движење на судиите; постојана линија) | | | | | |

**Позитивни забелешки**

**Негативни забелешки**

**Препораки за подобрување**

**Користење на VR**

# на перформанс на судискиот пар

**Цел на образецот за оценување на перформансот на судискиот пар:**

- Да се постигне унифицираност во оценувањето на официјалните лица на натпреварот.
- Да се доделат оценки на судискиот пар – во рамките на пропишаната скала – кои реално го одразуваат нивниот перформанс и природата на нивните задачи.

- Да се користи дигиталниот образец – контрола испратен од ЗРКМ и истиот да се достави во рок од 48 часа по завршувањето на натпреварот заедно со образецот пополнет од страна на судиите.
- Да се наведат конкретни и точни примери во извештајот кои ќе ги поткрепат коментарите во извештајот.

А. Пополнете го пред разговорот

Б. Само-оценка на судискиот пар наспроти оценката на контролорот

В. Разговарајте за разликите забележани во точка Б

Г. Самоконтрола на судиите

Д. (Дадете) објективна слика

## Цел: Фер плеј

Визијата за официјалните лица на РФМ (делегати-контролори и судии) е да ја зацврстат својата улога како посредници и комуникатори во ракометот, со цел создавање атмосфера на взаемна почит и разбирање помеѓу сите страни вклучени во ракометот, а потоа пренесување на оваа порака кон јавноста: FAIR PLAY!

Како?

Контролорите и судиите треба да работат заедно како тим, искрено и со доверба, почитувајќи се меѓусебно како рамноправни и независни партнери.

Нивна задача е да обезбедат оптимални услови за работа во согласност со правилата, регулативите и процедурите за сите вклучени страни, како и да посредуваат при конфликти, доколку е потребно.

**Каде?**

Однесувањето на играчите и официјалните лица има значително влијание врз однесувањето на публиката.

Ваквото однесување може да го наруши угледот на ракометот.

Контролорите и судиите мора да посветат посебно внимание на оваа област.

FAIR PLAY ЗАПОЧНУВА НА ТЕРЕНОТ!

# Епилог

Додека го завршуваме овој прирачник, важно е да се потсетиме на клучната улога што судиите ја имаат во зачувувањето на интегритетот и духот на играта. Насоките што се дадени овде се создадени со цел оценувањата да се спроведуваат правично, доследно и со посветеност кон извонредноста.

Судиите не се само спроведувачи на правилата; тие се чувари на суштината на спортот, обезбедувајќи секој натпревар да се одигра со почит и спортски дух. Придржувајќи се кон овие стандарди за оценување, ја почитуваме нивната посветеност и го поддржуваме нивниот континуиран развој.

Запомнете, целта на оценувањето не е само да се идентификуваат областите за подобрување, туку и да се препознаат и прослават силните страни и успесите на нашите судии. Конструктивната повратна информација, кога се дава внимателно, може да инспирира раст и да го подобри перформансот, на крајот носејќи придобивки за целата ракометна заедница.

Ви благодариме за вашата посветеност на одржувањето на овие стандарди и за вашите постојани напори да создадете позитивна и професионална средина за сите учесници. Заедно, можеме да се погрижиме духот на ракометот да остане жив и автентичен.

Охрид, 23.08.2025 год.

**Претседател на ЗРКМ**
**Марјан Начевски**

